Вкупно **53 деца од основните училишта во општина Кривогаштани беа наградени** на третиот по ред конкурс на тема „
**Со ракатките и прегратките на тутунарите**
“ што го организираа Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), општината Кривогаштани и основните училишта „Манчу Матак“ и „Јонче Смугрески“.




„Со манифестацијата сакаме **да ја подигнеме свеста кај населението за намалување на детскиот труд и рециклирање на отпадот од обработката на тутун**
“, изјави Дијана Каравилоска, в.д. директорка на училиштеот „Манчу Матак“ од Кривоштани. Таа истакна дека оваа година, за прв пат била изведена драмска претстава што ја подготвила драмската секција од училиштето. Преку претставата, учениците ја пренеле перцепцијата на луѓето за процесот на продавање на тутун.

„Иако во помал број, во однос на претходната година, **овогодишните дела беа многу поконцизни и дадоа целосна претстава за фармите**
“, рече Наташа Димеска, една од операторките кои работат во Канцеларијата за поддршка на тутунопроизводителите.

Ивана Кравилоска и нејзините другарчиња од трето одделение ја добија третата награда. „**Направивме куќа со двор, кукла со дете, кош и рамка за тутун и тие беа изработени од конци, дрва, саргија, картон и тутун. Бевме многу среќни кога ја добивме наградата** “, рече Ивана. Деветоодделенката Маја Баракоска не учествувала на конкурсот но, вели, и се допаднале изработките на другите деца и претставата што ја подтовиле. „Оваа година нас ние последна па се надевам дека другите генерации ќе бидат поуспешни и ќе продолжат со изработките“, ни рече Маја.



труд од производството на тутун ... проектот за елиминација на детскиот